Бранислав Атанасоски

726.54(497.731)"05/08"

ОКОЛУ ПРОБЛЕМОТ НА ДАТИРАЊЕТО НА КАТЕДРАЛНИОТ ХРАМ ВО СЕЛО КРУПИШТЕ - ШТИПСКО

Спорните прашања во науката околу датирањето на катедралниот храм со Martyrium од локалитетот Кале, с. Крупиште, со најновите археолошки ископувања направени во 1994 година, се чини во голема мера се решени. Врз основа на анализата направена на самата културна стратиграфија, движните и недвижните археолошки остатоци поткрепени со бројни аналогни примери ги дадоа следниве резултати: Катедралниот храм, кој во досегашната стручна и научна литература беше датиран во периодот од средината на IX до почетокот на X век, лежи на темелите од една постара ранохристијанска тробродна базилика која датира некаде од периодот на првата половина од VI век или нешто пред тоа, а била обновена некаде во втората половина од IX век.

Селото Крупиште е лоцирано на десниот брег на утоката од р. Злетовица во р. Брегалница, а локалитетот Кале се наоѓа во негова непосредна близина, северно од селото. Врз основа на одредени археолошки показатели, лингвистички решенија како и од анализите на античката патна мрежа, некои од научните работници на овој простор го лоцираат античкиот град Astibos, а пак други доцноантичката Zappara, што во овој момент сметаме дека е поприфатливо решение.[1] Во пишаните историски извори Запара се споменува во Синекдемот на Хиерокле, а како епископско седиште се споменува во списоците од V екуменски собор одржан во Константинопол 553 год.[2] Во овој период Запара се наоѓала некаде на границата од провинциите Macedonia Secunda и Dacia Mediterranea, а како епископија била под јурисдикција на големата архиепископија Prima Iustiniana. Градот секако бил важен културен и религиски центар, но најверојатно бил и важен стопански и трговски центар. Тука се вкрстуваат важни локални и регионални патишта, а во неговата позадина се наоѓа еден од најрудоносните ревири во Македонија, кратовско – злетовскот регион.[3]

---

[1] Б. Алексова, *Епископијата на Брегалница прв словенски црковен и културно-просветен центар во Македонија,* Пеилеп, 1989, 20, 74 – 76; И. Микулчиќ, *Антички градови во Македонија*, Скопје, 1999, 230 – 231 и 345 – 346; В. Лилчиќ, *Македонскиот камен за боговите, христијаните и за животот по животот,* том II, Скопје, 2002, 1009;

[2] Ф. Папазоглу, Македонски градови во римско доба, Скопје, 1957, стр. 247; Б. Алексова, *Епископијата,* 75; И. Микулчиќ, *Антички...,* 325 и 346;

[3] Б. Алексова, *Епископијата...,* 73 -74; И. Микулчиќ, *Антички...,* 230 – 231;

Првите археолошки истражувања и ископувања на овој локалитет и на поширокиот атар од с. Крупиште се направени во далечната 1975 год. и подоцна во 1984 - 1987 год. Со овие ископувања се регистрирани и откриени остатоци од одбранбените ѕидови на каструмот, два ранохристијански и два средновековни црквени објекта, односно: ранохристијанската базилика која лежи под денешната средновековна црквичка Св. Никола, лоцирана десно од регионалниот пат Штип - Кочани; кружната црква на локалитетот Клетовник, јужно од селото; крстовидната црква на локалитетот Кале и големиот катедрален храм со Martyrium на истиот локалитет.[4]

Катедралниот храм претставува репрезентативна црквена градба со широчина од сса 28.90 м. Откриени се нејзините источни партии. Објектот бил срушен скоро до нивото на подот, освен одредени ѕидни партии со широчина од 1.00 м и височина од сса 1.00 м. Во горните делови над подот објектот е граден во техника на opus mixtum, со појаси од по пет реда печени тули поврзувани со хидростатен малтер, а супструктуралниот дел во обичен opus incertum, со варов малтер. На источната страна објектот е оформен со пет масивно градени апсиди, од внатрешната страна полукружни, а од надворешната трите централни се тристрани, а крајните две полукружни. Во централната апсида се сочувани остатоци од синтроносот кој бил изведен од печени тули. Светилиштето или презвитериумот од тробродниот наос бил одделен со канцел - преграда од која биле сочувани остатоци од основата во in situ положба, градена од постари камени и мермерни сполии, односно архитектонски елементи од постари градби. Бродовите биле поделени со масивни стилобатни ѕидови со широчина од 1.00 м и височина од сса 0.80 м. Истите биле надградени со ѕидани столпци со димензии 1.00 х 1.00 м, а интерколумните биле поплочени со големи мермерни плочи. Подот од светилиштето, а најверојатно и целиот наос, бил изведен во бели и сиви мермерни плочки, во техника на opus sectile, откриен во фрагменти. Од крајните агли на пастофориите продолжуваат периметралните ѕидови на црковниот објект кои формираат пространи странични коридори.[5] Според авторот на овие истражувања, во јужниот анекс од светилиштето била сместена посебна култна градба Martyrium, која била инкорпорирана во самата црквена градба. Зачуваните остатоци од овој аранжман претставуваат остатоци од една издигната платформа со височина од сса 0.80 м, покриена со балдахин од кого се откриени фрагменти од базите и колоните. На источната страна платформата имала две полукружни скалила, така што со апсидата формирала еден опход или ambulacrum. Целиот аранжман бил украсен со бели мермерни плочки на кои се

[4] Б. Алексова, *Епископијата...*, 73 – 104;
[5] Истата, нав. дело, 88 – 90;

регистрирани мноштво врежани загадочни знаци, крстови, глаголски и кирилски букви. На тоа место биле откриени и повеќе купчиња од човечки коски, кои најверојатно претставувале мошти на мартирите во чија чест била подигната оваа култна градба. Според одредени историски и литерарни извори, авторот овие остатоци и настани ги поврзува со основањето на првата словенска епископија во Македонија и на Балканот, односно новооснованата Брегалничка епископија. За да се освети храмот, дел од моштите на Св. Петнаесет тивериополски маченици на двапати биле пренесувани од градот Тивериопол - Струмица во новооснованата Брегалничка епископија.[6] Со овој локалитет, односно со градот Равен како и со поширокатa брегалничка област авторот ја поврзува и дејноста на словенските просветители, солунските браќа Св. Кирил и Методија, творците на првата словенска азбука. При нивниот престој на р. Брегалница и во градот Равен, некаде пред 855 год., тие покрстиле голем број Словени. Во некои литерарни извори забележана е бројка од околу 4.050, а во други 54.000.[7] Во новооснованата Епископија, за прв словенски епископ бил поставен Климент Охридски. Ова се случило во 893/94 год. за време на владеењето на бугарскиот цар Симеон (893 – 927).[8] Брегалничкиот регион и градот Равен во овој период, покрај Охрид, станал еден од поголемите словенски црковни и просветни центри во Македонија и на Балканот.[9]

Врз основа на откриените археолошки остатоци, движни и недвижни артефакти, кирилски и глаголски букви, загадочни знаци и крстови врежани по мермерниот декор од црквениот објект, монетата пронајдена на подот од светилиштето којашто припаѓа на византискиот цар Лав VI Мудриот (886 – 912), како и врз основа на одредени аналогни примери на градби со слична или иста просторна диспозиција и дадените историски и литерарни извори, градењето на овој грандиозен архитектонски објект авторот го датира во периодот од средината на IX до почетокот на X век.[10] Црквата е дефинирана како крстовидна градба вписана во пространа правоаголна сала.[11] Со овие констатации не се согласуваат дел од научните работници коишто сметаат дека се работи за ранохристијанска тробродна базилика, во средниот век обновена и преобразена во мала еднобродна црквичка.[12]

---

[6] Истата, нав. дело, 90 – 92;
[7] Истата, нав. дело, 158 – 160;
[8] Истата, нав. дело, 166 – 169;
[9] Истата, нав. дело, 160 – 165;
[10] Истата, нав. дело, 92 – 98;
[11] Истата, нав. дело, 89, 93 и 97;
[12] И. Микулчиќ, *Средновековни градови и тврдини во Македонија,* Скопје, 1996, 344 – 348; В. Лилчиќ, *Македонскиот камен,* 1009;

Во 1994 година Институтот за старословенска култура – Прилеп во рамките на научноистражувачкиот проект „Првите ранохристијански и словенски црквени центри во Македонија", повторно под раководство на проф. д-р Блага Алексова, направи нови археолошки ископувања на локалитетот Кале со цел да се надополнат дотогашните сознанија, односно да се добие појасна и поцелосна слика на архитектонскиот план од овој споменичен комплекс.[13] Двата ископа со димензии 5.00 x 5.00 м. беа поставени над јужната пастофорија и на просторот од јужниот периметрален ѕид, каде некогаш ископувањата биле прекинати (Пл. 1).

Ископот поставен над јужната пастофорија ја даде следнава стратиграфска слика (црт.1). Првиот културен слој со дебелина 0.30 – 0.40 м претставуваше насип, донесена земја од страна. Вториот слој со дебелина од сса 0.20 м претставуваше сивкаста ровка земја помешана со градежен шут, земја обработувана во минатото. Третиот културен слој беше сличен на претходниот и претставуваше слој на деструкција со изобилство на градежен материјал, кршени камења, грутки варов малтер, фрагменти од градежна керамика и ретки фрагменти од керамички садови. На релативна длабочина од сса 0.60 – 1.00 м во овој културен слој беа откриени остатоците од апсидалниот ѕид на јужниот анекс со широчина од 1.00 м. Ѕидот беше срушен скоро до подподното ниво од објектот, кое се наоѓаше на длабочина од сса 1.00 м од површината на теренот. Дебелината на слојот надвор од црквената градба изнесуваше сса 0.20 м, а во внатрешниот дел сса 0.40 м. Четвртиот слој со дебелина од сса 0.25 м претставуваше кафеносивкаста земја помешана со ретки фрагменти од керамички садови, ситни варови малтерни грутчиња, јагленисани дрвца, неколку грутчиња згура и неколку фрагменти од рамно прозорско стакло. Слојот е дефиниран како слој на интензивно живеење. На растојание од сса 0.40 м мерено од темето на апсидата, на подното ниво надвор од објектот беше регистрирана кружна јама со стеснето и зарамнето дно, со пречник од сса 1.00 м и длабочина од сса 0.60 – 0.80 м. Јамата беше речиси стерилна, исполнета со кафеносивкаста земја помешана со ретки керамички фрагменти, неколку животински коски, неколку парчиња згура, неколку фрагменти од речни школки и остатоци од горење во форма на пепел и јагленисани дрвца. Функцијата на јамата тешко може да се дефинира. На подното ниво од овој слој по целата должина од надворешната страна на апсидалниот ѕид беше регистриран плиток вкоп или ров со широчина од сса 0.30 м и длабочина од сса 0.15 м. Истиот беше исполнет со ровка сивкаста земја помешана со ситно здробен варов малтер и фрагменти од

[13] При реализацијата на овој Проект ги водев теренските истражувања и ископувања на овој локалитет.

градежна керамика. Ровот најверојатно бил формиран при преземање на одредени градежни работи на објектот, обнова или слично. Петтиот културен слој беше формиран од нешто покомпактна темнокафена земја помешана со многу ретки керамички фрагменти. Слојот беше истражуван до длабочина од сса 0.25 м каде ископувањата беа и прекинати. Во источниот профил од ископот во овој слој се назираа делови од две гробни конструкции. Над нив беше поставена помала сонда со димензии 1.50 х 1.50 м. Беа откриени три гроба, обележани со теренски инв. бр. од 1 до 3, (црт. бр. 2). Горната нивелета на вкопувањето на овие гробови најверојатно би требало да се бара некаде во плафонот од претходниот слој и во третиот културен слој, односно во слојот на деструкција, бидејќи гробните јами со длабочина од 0.30 до 0.50 м до гробниот покривач беа исполнети со остатоци од градежен шут, што значи дека некрополата била користена некаде од пред крајот на животот на црквениот објект и потоа, особено во периодот по неговото рушење. Од трите гроба беше истражен само гробот бр. 1. Гробната конструкција со димензии 1.87 х 0.70 х 0.45 м беше изведена од цели и фрагментирани керамички тули, односно неколку хоризонтално поставени тули што служеа како покривач и вертикално поставени тули што ја формираа гробната комора, односно ковчегот со битрапезна форма. Скелетните остатоци со ориентација запад - исток беа релативно добро сочувани. Во гробот беше погребана возрасна индивидуа. Покојникот лежеше на грб со испружени нозе, со левата рака на стомакот, а десната покрај телото. Должината на скелетот изнесуваше сса 1.53 м. Десно покрај черепот е пронајдена една наушница - алка со доближани краеви изработена од бронзен тел со пречник од 1.2 х 1.5 см и кружен пресек на телот од 2.2 мм (Т.IV.1). На десната рака беше пронајден прстен - алка со преклопени краеви изработен од ист таков бронзен тел со пречник од 2.2 см и кружен пресек на телот од 2.2 мм (Т.IV.2). Гробот бр. 2 беше детски, а гробот бр. 3 беше делумно откриен и имаше камена конструкција. Дека некрополата била повеќеслојна и дека била користена во еден подолг временски период доказ наоѓаме во трите наредни гроба откриени покрај јужниот ѕид од јужниот анекс, регистрирани со теренски инв. бр. од 12 – 14 (црт. 3).[14] Гробната конструкција од гробот бр. 12, односно гробната комора и покривачот, целосно беше изведена од помали и поголеми кршени и четвртесто делкани камења. Во гробот беше погребана една возрасна индивидуа со ориентација запад – исток, без наоди. Со вкопувањето на гробот бр. 12 беше уништена јужната половина од гробот бр. 13. Во гробот беше погребана една

[14] Во понатамошниот текст, поради просторна ограниченост и лимитиран обем, нема да даваме детална дескрипција на гробовите, туку ќе се задржиме само на битните параметри;

возрасна индивидуа, а гробната конструкција претставуваше само ограда од кршени и делкани камења, без наоди. Со вкопувањето пак на гробот бр. 13 целосно бил уништен гробот бр. 14, кој претставуваше купче од собрани човечки коски пронајдени до северозападниот агол од гробот бр. 13.

Вториот ископ беше поставен со цел да се продолжи со откривањето на јужниот периметрален ѕид од црквениот објект (пл.1). Тука ја имавме следнава стратиграфска слика: првите десетина сантиметри го претставуваа хумусниот слој. Вториот културен слој, со дебелина од сса 0.40 м претставуваше слој на светлосивкаста земја помешана со градежен шут, кршени и делкани камења, здробен варов малтер, фрагменти од градежна керамика, како и ретки фрагменти од керамички садови. Истиот претставуваше слој на деструкција, земја обработувана во минатото. Овој слој би одговарал на вториот и третиот културен слој од претходниот ископ. На длабочина од сса 0.45 м. во средишниот дел од источниот профил се појавија остатоците од периметралниот ѕид. Граден е од поголеми и помали кршени камења и фрагменти од градежни тули поврзувани со кал. Истиот беше откриен во должина од сса 2.00 м. Широчината на ѕидот изнесуваше сса 0.70 – 0.80 м, а сочуваната височина мерено од подното ниво на објектот изнесуваше од 0.00 до 0.50 м. Тој по целата должина беше оштетен со вкопувањето на гробовите од споменатата повеќеслојна некропола која се шириле и на овој простор. Гробовите беа откривани во неколку хоризонти. Првиот хоризонт од гробови лежеше на релативна длабочина од сса 0.50 – 0.70 м. Беа регистрирани вкупно осум гроба, обележани со теренски инв. бр. од 4 – 11 (црт. 4). Како што напоменавме погоре, ќе се задржиме само на најбитните и најкарактристичните моменти и параметри од оваа некропола. Сите гробови беа со ориентација запад – исток. Во гробот бр. 4 беше погребана возрасна индивидуа. Гробната конструкција како и кај гробот бр. 1 беше целосно изведена од цели и фрагментирани градежни тули. Лево до главата на покојникот беше пронајдена една наушница – алка со пречник од 2.4 см., изработена од бронзен тел со кружен пресек од 2 мм (T.IV.3). Гробната констукција од гробот бр. 5 изгледаше монументално. Таа беше изведена од мермерни сполии, цели и фрагментирани делови од архитектонска декоративна пластика и поголеми плочести камења најверојатно собрани од урнатините на црквениот објект. Западната половина од покривната конструкција беше изведена од една поголема парапетна плоча со димензии 0.97 x 0.58 x 0.18 м (црт. 4). Од предната страна плочата е украсена со повеќеслојно профилирана правоаголна рамка, а во полето има вклесан латински крст со проширени краци. Плочата пред да биде искористена за гробна конструкција најверојатно била и секундарно употребена. За тоа сведочи нејзината долна половина која е ретуширана, односно орнаментиката и е избришана. Остатокот од гробот беше покриен со две

подебели камени плочи. Западната половина од јужната страна на гробната комора беше изведена од еден четвртест столбец, од предната страна украсен со повеќеслојно профилирано правоаголно поле со конкавни завршетоци. Столбецот е со димензии од 1.04 x 0.25 x 0.25 м (цтр.4).[15] Северната страна беше оградена со два фрагмента од мермерни столбови со димензии од 0.67 x 0.28 и 0.70 x 0.28 м. Во гробот беше погребана возрасна индивидуа со згрчени нозе, без наоди. Гробот бр. 6 беше ограден со вертикално поставени цели и фрагментирани градежни тули, а покојникот кој претставуваше возрасна индивидуа најверојатно бил покриен со дрвени штици од кои беа регистрирани незначителни остатоци. Во пределот кај главата беше пронајдена наушница – алка со пречник од 2.5 см, изработена од бронзен тел со кружен пресек од 3 мм (T.IV.4). Гробната конструкција од гробот бр. 7 беше изведена од поголеми делкани квадери, кршени камења и фрагментирана градежна керамика, без покров. Во гробот беше погребана една возрасна индивидуа. Со вкопувањето на гробот бр. 7 била уништена источната половина од постариот гроб бр. 9, исто така изведен од поголеми делкани квадери. Гробот беше уништен до пределот на фемурите, а остатокот коски беа расфрлани покрај северната страна од гробот бр. 7, регистрирани како гроб бр. 8. И двата гроба лежеа во линијата на периметралниот ѕид, со што скоро во потполност го беа уништиле. Гробот бр. 10 беше детски. Гробот бр. 11 имаше делумна гробна конструкција, односно неговата западна половина беше изведена од делкани и кршени камења комбинирани со фрагменти од градежни тули. Во гробот беше погребана возрасна индивидуа, со рацете прекрстени на градите. Под десната рака беше пронајдена една тордирана бронзена белезица со пречник од 6.0 см, а во насипот од гробната јама една фрагментирана бронзена наушница – алка (T.IV. 5 и 6). Вториот хоризонт беше презентиран уште со седум гроба обележани со теренски инв. бр. од 15 до 21 (црт. 5). Гробот бр. 15 се наоѓаше во централниот дел од ископот. Во него беше погребана една возрасна индивидуа. Со неговото вкопување бил уништен еден четвртест столбец со димензии 0.60 x 0.60 м, граден од кршени камења и кал, а малтерисан со варов малтер. Столбецот беше сочувана само во основата. Гробот беше ограден со кршени и делкани камења. Западната половина од гробот беше покриена со необично сочувана дрвена штица со димензии 0.80 x 0.25 x 0.02 м., а источната половина со фрагментирана градежна керамика, без наоди. Гробот бр. 16 лежеше под гробот бр. 6. Во него беше погребана една возрасна индивидуа. Гробната конструкција беше изведена

[15] Аналогни примери за парапетната плоча и столбецот датирани во раниот христијански период, VI век, види кај В. Лилчиќ, *Македонскиот,* 717, сл.78, 735, сл. 81, 797, 943, сл. 155 и 879, сл. 119

од помали кршени и делкани камења, без покривач. Со вкопувањето на гробот бр. 16 бил уништен уште еден постар гроб бр. 16а, од кого беа сочувани делови од гробната конструкција, исто така изведена од кршени и делкани камења, а коските беа расфрлани лево и десно од гробот бр. 16. Според тоа, можеме да констатираме дека овде се работи за трето и најстаро ниво на гробови. Во двата гроба беше пронајдена по една наушница – алка, изработена од бронзен тел. Алката од гробот бр. 16 има доближани и топчести завршетоци, со пречник од 2.3 см и кружен пресек на телот од 2.2 мм, а алката од гроб 16а е со пречник од 2.5 см и пресек на телот од 2.5 мм (Т.IV.7 и 8). Во гробот бр. 17 беше погребана една возрасна индивидуа, без наоди. Гробовите бр. 18 и 19 беа детски. Во гробот бр. 20, во кого беше погребана возрасна индивидуа, покрај главата беше пронајдена уште една наушница – алка со пречник од 2.4 см, изработена од бронзен тел со кружен пресек од 2.5 мм (Т.IV.9). Гробот бр. 21 беше без гробна конструкција и уништен до половината од претходните ископувања, без наоди.

На релативна длабочина од сса 0.60 – 0.65 м беше откриено подното ниво од црквениот објект. Во непосредна близина на ѕиданиот столбец, кој беше регистриран во централниот дел од ископот на оддалеченост од сса 0.70 м мерено северно од перимеtралниот ѕид, беше откриен еден фрагмент од подот на јужниот коридор изведен од поситни и средно кршени камења, обична калдрма. Тоа не наведува на помислата дека овој коридор можеби претставува отворен трем, подѕидан и покриен како на пр. северниот трем од црквата Св. Софија во Охрид.[16] Целокупната оваа ситуација, калдрмисаниот под, перимеtралниот ѕид и четвртестиот столбец што беа градени од камен и кал, наспроти остатокот од црквениот објект кој комплетно беше изграден во малтерна техника, opus mixtum, претставуваше уште еден елемент и доказ дека црквата имала повеќе фази на градење, односно дека била обновувана. На ова место ќе изразам сомнеж и во однос на датирањето на двата крајни анекса, односно јужната и северната пастофорија. Се има впечаток дека кај нив има одредена асиметричност и отстапување од планот на тробродната градба, односно истите како да се прилепени на остатокот од градбата, а невните западни ѕидови се закосени и отстапуваат од нормалата.[17] До сочуваното парче од калдрмисаниот под беа пронајдени повеќе фрагменти од еден ист керамички сад, што во голема мера придонесе да се разјасни хронологијата на градбата. Т.I. Садот припаѓа на групата кујнски садови од типот на грнинја без рачки. Истиот е изработен од

[16] Б. Алексова, *Loca sanctorum Macedoniae, култот на мартирите во Македонија од IV до IX век,* Скопје, 1995, 177 – 183, сл. 69;

[17] Само едни подетални анализи на архитектонските и градежните елементи и нови археолошки ископувања би дале и поконкретен одговор на ова прашање.

глина со примеси од ситно дробен кварцен песок на рачно грнчарско коло. Бојата на печењето најверојатно била кафеноцрвеникава, а од силното горење добила темносива боја. Садот има краток наглесен врат, кратко и косо извлечено венче со слабо заоблени рабови, елипсовидно - топчесто тело со максимален пречник во горната третина од садот и рамен задебелен газер. Рамото е украсено со сноп од врежани таласести линии, а останатите две третини од садот со густо врежани хоризонтали изведени со чешел. Пречникот на отворот изнесува 13.0 см, пречникот на мевот 18.0 см, пречникот на газерот 10.0 см, а висината на садот сса од 15.0 до 18.0 см. Садот ги носи сите карактеристики на средновековната керамичка продукција од периодот на IX - XI век, особено на X век, распространета на просторите од Средното и Долното Подунавје, па и пошироко на Балканскиот Полуостров и Југоисточна Европа.[18] Овие керамички садови во археолошката литература се најразлично именувани и атрибуирани. Нив ги сретнуваме како: „салтово-мајатски тип", „карпатско-подунавски", „балкано-подунавски", „подунавски", „градишки тип", или како бугарска керамика, словенска керамика итн.[19] Во овие групи на садови се вплетени повеќе елементи од доцноантичката, т.н. римско-провинциска керамика, словенската керамика, како и елементи од керамиката на повеќе номадски и варварски

[18] Ј. Дончева-Петкова, *Българска битова керамика през ранното средновековие (втората половина на VI – края на X в.),* Софи, 1977, 51-53, Обр.12/131 и 60-61, Обр.14/174; Й. Чангова, *Перник,* Т.III, София, 1992, 62-65, Обр. 49, 50 и 57/1; М. Комша – Кишваси, *Некоторые исторические выводы в связи с несколькими археологическими памятниками VI-XII вв. н.э. на территории РНР,* Dacia, N.S.,I, Bucarest, 1957, 320-321, T.II.34; D. Minić, *Le site d'habitation médiéval de Mačvanska Mitrovica,* Sirmium XI, Beograd, 1980, 24-25, Pl.I.2 i 3; М. Јанковић, *Средњовековно насеље на Великом Градцу у X – XI веку,* Београд, 1981, 47-55, T.XIV.24; В. Бикић, *Средњовековна керамика Београда,* Београд, 1994, 31-33, Сл.12/7 и 8; M. Zápotocký, *Slovenské osídlení na Litoměřicku,* Památky Archeologické, Roč.LVI-2, Praha, 1963, 288, Obr.39/2; A. Točík, *Flachgräberfelder aus dem IX. und X. Jh. in der Südwestslowakei,* Slovenská Archeologia, Roč. XIX-1, Bratislava, 1971, 135-137, T. XXII.5 i T.XXIX.27; Z. Klanica, Mikulčice – Klášteřisko, *Památky Archeologické,* LXXVI-2, Praha, 1985, 534-535, Obr.15/21; K. Tomková, *Quellen zur erkenntnis der frühmittelalterlichen besiedlung in Katastern Tismice und Mrzkzy,* Památky Archologické, LXXXIX, Praha, 1998, 300-301, Abb. 8; и др.

[19] В. Бикић, *Средњовековна,* 43; С. А. Плетнева, *Балкано-дунайская култура, Степи Евразии в епоху средневековъя,* Москва, 1981, 75-77; М. Комша – Кишваси, *Некатерые,* 317 и понатака; J. Poulík, *Výsledky výzkumu na velkomoravském hradišti „Valy" u Mikulčic,* Památky archeologické, Roč.XLVIII-2, Praha, 1957, 241-375 на повеќе места; Л. Дончева-Петкова, *Българска,* 33; Ж. Вължарова, *Славянски и славянобългарски селища в българските земи от края на VI-XI век,* София, 1965, 169 и понатака; Й. Чангова, Перник, 62-65 и понатака;

народи.[20] Според основните обележја сметаме дека овај сад има доцноантички и словенски предзнак. За доцноантичките елементи нешто подолу, додека за словенските елементи можеме да наведеме поголем број примери, но овдека ќе ја посочиме само постарата словенска керамика работена на рака.[21] Покрај овој фрагментиран керамички сад, во слојот на интензивно користење на објектот и во слојот на деструкција беа пронајдени повеќе фрагменти од ѕидови на садови најчесто украсени со врежани хоризонтали и брановидни линии од коишто не можат да се извлечат некои битни сознанија, додека од изливници би споменале неколку: Фрагментот што припаѓа на грне од типот без рачки, Т.II.1. Изработено е од глина со примеси од ситно дробен кварцен песок на рачно коло. Печењето му е темноцрвеникаво, а површината горена во оган со темносива боја. Садот има дебели ѕидови, кратко нагласен врат и потанко, кратко и косо извлечено венче со рамно засечен раб. Одма под вратот фрагментот е украсен со врежани, широки, единечни брановидни линии. Пречникот на отворот изнесува 11.0 см. Овој тип на керамички садови најчесто е распространет на Средното Подунавје на повеќе словенски и аваро-словенски населби и некрополи датирани во средината на VIII и првата половина на IX век, но го има и на пошироките југоисточни европски простори се до крајот на X и почетокот на XI век.[22] Овој фрагмент ја носи истата проблематика како и претходниот керамички сад. Вториот фрагмент припаѓа на поголем керамички сад без рачки, Т.II.2. Изработен е од глина со примеси од ситно дробен кварцен песок на споро грнчарско коло. Печењето му е бледоцрвеникаво - керамидесто. Има кратко, косо извлечено венче со рамно засечен раб, краток врат и спуштени рамена. Под

---

[20] Како илустрација за каков сложен проблем станува збор, би го споменале трудот на С. Ангелова, *Традиции в прабългарската керамика на североизточна България,* Годишник на софийския университет „Климент Охридски", София, 1982, 31-67;

[21] В. Д. Баран, *Раннеславянские памятники на западном Буге,* Slovenská Archeologia XIII-2, Bratislava, 1965, 352, Рис.35/6 и 8 и Рис.36/8; Ж. Бъжарова, *Славянски,* стр.165-169, Обр.60 и 61; B. Kerman, *Staroslovanska naselbina Kotare - baza pri Murski Soboti,* Zgodnji Sloveni, Ljubljana, 2003, 24 – 26, sl.5;

[22] Ђ. и М. Јанковић, *Словени у Југословенском Подунављу,* Београд, 1990, 79 и 84, сл.30. 2; D. Minić, *Le site d'habitation dédiéval de Mačvanska Mitrovica,* Sirmium, XI, Beograd, 1980,. 24-25, Pl.III.1, 3, 5 - 7; M. B. Szőke, *Das Archäologische bild der Slaven in Südwestungarn,* Slovenija in sosednje dežele med antiko in karolinško doba, T. I, Ljubljana, 2000, 503-504, T.15; A. Trugly, *Gräberfeld aus der zeit des awarischen reiches bei der schiffswarftin Komarno,* Slovensá Archeologia, Roč. XXX-2, Bratislava, 1987, 343, T. XIII.15; N. Profantová, *Zum gegenwärtigen erkenntnisstand der frühmittelalterlichen besiedlung des burgwalls Šárka* (Gem. Dolní Liboc, Prag 6), Památky Archeologické, Praha, 1999, 104, Abb.9/14, 16 и 17; Й. Чангова, *Перник,* 62-65, Обр. 50; А. Т. Хлебникова, *Керамика памятников Волжской Болгарии,* Москва, 1984, 126, Рис. 50; и т.н.

вратот садот е украсен со плитки, широки, единечни хоризонтали. Вакви аналогни примери имаме како на широките балкански простори, така и на територииte зад Дунав.[23] Третиот фрагмент припаѓа на грне со косо профилирано венче кое завршува вертикално. Има краток нагласен врат, украсен со врежана назабена брановидна орнаментика, а рамото е со густо врежани хоризонтали. Овој тип на грне со антички традиции, е широко распространет и во средновековниот период како во подунавските земји така и на поширокиte балкански простори, Т.II.3.[24]

Како што напоменавме, во овој културен слој црквата не е градена туку само обновена, за што ни сведочи плиткиот ров прокопан покрај апсидалниот ѕид. За да се изгради еден ваков грандиозен објект потребно е секако да се ископаат подлабоки темели за да се фундира објектот. Овие темелни ровови лесно се забележуваат во стратиграфскиот пресек на теренот. Во петтиот, односно последниот културен слој кој не беше доистражен исто така не беа регистрирани ровови за темелните стопи, што значи дека објектот е граден пред тоа. Во овој културен слој, како и во слојот на деструкција беа пронајдени неколку керамички фрагменти што ги носат пред се особеностите на доцноантичката продукција. Некои од фрагментите по површината имаат остатоци од варов малтер, што зборува за староста на фрагментите, односно дека тие постоеле и пред градењето или обновата на црквениот објект. Сите се изработени од пречистена глина со примеси од ситно дробен кварцен песок, работени на ножно коло, црвенкасто, односно керамидесто печени. Првиот фрагмент припаѓа на типот грниња со или без рачки, со краток нагласен врат, кратко скоро хоризонтално извлечено, профилирано венче со жлеб за капак, Т.III.1. Пречникот на отворот изнесува 16.0 см. Овој тип на керамички садови е широко распространет по македонските и балканските простори во периодот на доцната антика од IV до VI век и пред тоа.[25] Вториот фрагмент припаѓа на типот

---

[23] Г. Джингов, Археологически иследвания в западната част на укрепеното селище при Стърмен, Раскопки и проучвания, VII, София, 1982, 38, Обр. 34/1; D. Minić, *Sirmium,* 24, Pl. II.4; J. Budeník, *Die besiedlung des südöstlichen vorfeldes des bergesRubín in der burgwallzeit und ihre chronologie,* Pametátky archeologické, vol. LXXXVIII, Praha, 1997, 104 – 105, Abb. 18/1; и т.н.

[24] М. Комша – Кишваси, *Некоторые,* 318, Т.II, 9 и 19; D. Minić, *Sirmium,* 25, Pl. VII.3 i 4; N. Profantová, *Zum,* 104, Abb. 23/7; и т.н.

[25] V. Anderson-Stojanović, *Stobi the Hellenistic and roman pottery,* Princeton, 1992, 139, Pl.143/1231; Г. Кузманов, *Ранновизантийска керамика од Тракия и Дакия (IV - началото на VII в.),* Раскопки и поучвания, София, 1985, 50-51, Т. 30/Г39 и Г 40; С. Фидановски, Римска керамика Улпијане, Београд, 1990, стр. 28, Т.30/14; S. Anemali, *Keshtjella e Pogradecit,* Ilirija, Nr. 9-10, 228, Tab. XVIII.7; и т.н.

грнинја без рачки, со кратко нагласен врат и косо извлечено венче со заоблен раб, Т.III.2. Под вратот рамото е украсено со единечно врежана таласеста линија. Пречникот на отворот изнесува сса 16.0 – 18.0 см. Вакви аналогни примери наоѓаме како на македонските локалитети така и на пошироките балкански простори, датирани во периодот на IV – VI век.[26] Овдека ќе напоменеме на големите формални сличности со садот од Т.I пронајден на подот од црквениот објект и за неговите доцноантички елементи.[27] Третиот фрагмент најверојатно припаѓа на грнинја со една или две рачки, Т.III.3. Има косо, скоро вертикално извлечено и профилирано венче. Тоа е сад со постари антички традиции.[28] Четвртиот фрагмент исто така припаѓа на типот грнинја без рачки, со краток нагласен врат и косо извлечено венче кое завршува со стеснет, хоризонтално засечен раб. Под вратот се протегаат плитко и неправилно врежани хоризонтали, Т.III.4. Аналогни примери наоѓаме како на македонските така и на пошироките балкански простори датирани воV - VI век.[29] Истиот може слободно да се датира и во периодот на средниот век, но поради стратиграфскиот контекст и неговите техничко - технолошки особености, односно сличноста со претходните, го ставаме во периодот на доцната антика. Како средновековни примери ќе споменеме неколку аналогии како од македонските така и од пошироките балкански простори.[30] Секако, овие двава последни фрагмента, особено последниот, бараат поширока елаборација, но во моментов ќе се задоволиме со искажаното и со дадените аналогни примери.

Според погоре искажаното слободно можеме да претпоставиме дека објектот е граден некаде во периодот на доцната антика, поточно по направените

---

[26] V. Anderson-Stojanović, *Stobi,* 139, Pl. 142/1230; Т. Јанакиевски, *Доцноантичка микростамбена целина над театарот во Heraclea Lyncestis,* Битола, 2001, 110, T.VII; O. Brukner, *Rimska keramika u jugoslovenskom delu provincije Donje Panonije,* Beograd, 1981, str. 42, T. 119/107; i t.n.

[27] За големите формални сличности со античките садови види M. Popovic, *Tvrdzava Ras,* Beograd, 1999, 81-85, sl. 32/2.

[28] S. Nikilić-Đorđević, *Antička keramika Singidunuma,* Singidunum, 2, Beograd, 2000, Tip II/43, Tip II/54.

[29] Т. Јанакиевски, *Доцноантичка,* 212, Т. LVIII; М. Ончевска Тодоровска, *Доцноантичка грнчарија од Скупи (втора половина на IV – VI век),* Скопје, 2004, 66, Т. 34/сл.223; Ђ. Јанковић, *Подунавски део области Аквиса у VI и почетком VII века*, Београд, 1981, 142, T.VII.13;

[30] B. Babić, *Wann sind die ältesten teile heutiger alten Burg von Skopje gebaut,* Actes du VIII congres international des sciences prehistoriques et protohistoriques, Beograd, 1973, 363; И . Микулчиќ, *Средновековни,* 100, сл. 143; М. Јанковић, *Средњовековно,* 47-51, Т.II,7, VI.5, IX. 4; K. Gutjahr, *Pregled riziskav zgodnjesrednjeveške keramike na Štajerskem,* Zgodnji Slovani, Ljubljana, 2002, 153, sl. 9; i t.n.

измени во црковните литургиски канони кога ѓаконикон и проскомидијата биле преместени од западната на источната страна, односно лево и десно од централното светилиште.[31] Подигањето на оваа базиликална градба најверојатно се случило откако Запара станува епископско седиште. Според пишаните историски извори тоа е најверојатно времето на византискиот император Јустинијан I (627 – 665), кога е основана и Архиепископијата Прима Јустинијана.[32] Како најблиска аналогија на оваа градба се споменува црквата во Ќурлине од околината на Ниш, со иста или слична просторна диспозиција.[33] Црквата не е истражувана, но најверојатно потекнува од периодот околу средината на VI век.[34] Дали црквата била рушена и кога точно била обновена, тешко е прецизно да се одговори. Брегалничката мисија на словенските просветители, браќата Кирил и Методија, се случила пред Бугарија да ги завладее македонските простори, односно некаде пред 855 година.[35] Според одредени литерарни извори солунските браќа Кирил и Методија во градот Равен на Брегалница покрстиле по едни 4.050, а по други 54.000 Словени.[36] За еден теков голем потфат секако би бил потребен и соодветен објект. Тука на мермерната архитектонска пластика се регистрирани и поголем број на загадочни знаци, крстови и глаголски букви што припаѓаат на првата словенска азбука. Од разгледуваниот материјал единствено фрагментот од Т.II.2. потсетува на овој период. Факт е и тоа дека Климент Охридски во 893 год. е поставен за прв словенски епископ на новооснованата Брегалничка епископија за време на владеењето на бугарскиот цар Симеон (893 – 927), кога храмот бил осветен со пренесувањето на дел од моштите на Св. Петнаесет тивериополски маченици, но факт е и тоа дека мошти биле пренесувани и за време на бугарскиот кнез Борис (852 – 879) при усилбите истиот да формира самостојна црквена организација со

[31] Ђ. Стричевић, *Ђаконикон и протезис у ранохришћанским црквама,* Старинар, Н.С., кн. IX-X, Београд, 1959, 59-65; Во поновата археолошка литература се појавуваат цркви датирани и пред овој датум, пр.: В. Лилчиќ, *Ранохристијанска Црква,* Скопје, 2003, 200, сл. 331 – 333, 210, сл. 474 и 211, сл. 499.

[32] Б. Гранић, *Оснивање архиепископије у граду Justiniana Prima 535 године после Хр.,* Гласник скопског научног друштва, Скопље, 1925, 126 - 133.

[33] Б. Алексова, *Епископијата,* 97.

[34] О. Илић, *Палеохришћански сакрални споменици у мањим насељима и утврђењима у околини Ниша,* Ниш и Византија, Зборник радова, VIII, 121 – 122.

[35] Поопширно за ова кај Б. Панов, *Средновековна Македонија,* Т. 3, Скопје, 1985, 129 – 163.

[36] Истиот, *Средновековна,* 180.

помош на Рим.[37] Црковниот објект не бил долго во употреба. Најверојатно тој настрадал при пропаста на Петрова Бугарија, бидејќи градот Равен и Брегалничката епископија веќе не се споменуваат во изворите за време на Самоил (976-1014), а во списокот на епархиите од Охридската архиепископија фигурира Мородвизката епископија, која се наоѓа во непосредна близина.[38] Тоа на некој начин го потврдува и фрагментираниот сад од подот на црквениот објект кој потекнува некаде од X век, како и некрополата настаната на урнатините од објектот. Освен стратиграфскиот контекст немаме некои порелевантни показатели за времетраењето на оваа некропола. Гробните наоди, освен тордираната белезица, се скудни и атипични за датирање. За оваа прилика ќе ги споменеме неколкуте наоди пронајдени за време на постарите ископувања, кои колку - толку даваат појасна хронолошка слика за оваа некропола.[39] Тоа се 3 тордирани белезици, 3 масивно лиени белезици, 1 прстен, 2 наушници – алки и 1 наушница - алка со привезок. Трите тордирани белезици се изработени од двојно засучен бронзен тел кој завршува со јамки (T.IV.10-12). Пречниците од белезиците изнесуваат 4.5 до 5.5 см, а пречниците од пресеците од 0.3 до 0.5 см. Овие белезици се широко распространети по некрополите од Источен Балкан, најчесто датирани во XI – XII век.[40] Од трите масивно лиени белезици со отворени краеви едната има триаголен пресек, исчукани, проширени и заоблени краеви украсени со врежана и пуктирана орнаментика. Пречникот на белезицата изнесува 4.9 см (T.IV.13). Другите две се идентични. Имаат правоаголно заоблен пресек, средината и краевите се проширени и украсени со попречни засеци и пунктирани кружни вдлабнатинки што емитираат стилизирани змии. Пречникот на белезиците изнесува 5.5 и 6.2 см (T.IV.14 и 15). Слични или еднакви примероци најчесто наоѓаме на локалитетите од нашите македонски простори датирани во XI – XII век.[41] И прстенот потекнува од истиот период, односно од X до XII век. Има отворени краеви, елипсесто издолжена и слабо нагласена глава и слабо нагласени рамена. Пречникот изнесува 2.2 см (T.IV.16).[42] Едната наушница - алка е со пречник од 2.4 см, а другата е со поголеми димензии, 4.2

---

[37] Истиот, *Средновековна,* 213-229 и 475 – 476; Г. Острогорски, *Историја на Византија,* Београд, 1959 (1969), стр. 227-228 и 231-232; Ц. Грозданов, *Портрети на светителите од Македонија од IX – XVIII век,* Скопје, 1983, 127-128;

[38] И. Снъгаров, *История на Охридската архиепископия,* София, 1924, 25. С. Антољак, *Средновековна Македонија,* Т.1, Скопје, 1985, стр. 681.

[39] Цртежите од овие наоди ги добив од раководителот на Проектот, покојната Академик Алексова.

[40] Е. Манева, *Средновековен накит од Македонија,* Скопје, 1992, 74-75, Т. 58-63.

[41] Истата, Наведено дело, 73, Т. 55, сл. 57/11 и Т. 56, сл. 21/6;

[42] Истата, Наведено дело, 88, Т. 76, сл. 22/10.

см, и има остаток од намотана филигранска жичка (T.IV.17, 18). Тие се распространети многу пошироко од балканските простори и се атипични за атрибуција и попрецизно датирање.[43] Третата наушница - алка со пречник од 2.2 см има еден невообичаен привезок кој виси на помало алче (T.IV.19). Според погоре искажаното, некрополата слободно може да се датира во времето што следи непосредно по рушењето на црквениот објект, односно во периодот некаде од крајот на X – XII век.

* * * * *

На крајот би резимирал дека, според даденият стратиграфски контекст и анализата направена на движниот археолошки материјал, се работи за базиликална градба подигната во периодот на доцната антика, односно во ранохристијанскиот период, околу втората четвртина од VI век или можеби и пред тоа. Од бројните пишани историски извори дознаваме дека овој период бил исполнет со бројни продори и пустошења од страна на многубројни варварски народи лоцирани на просторите од Југоисточна Европа и Панонија, северно од Дунав и римскиот limes, што резултирало со негово потполно уништување.[44] При крајот на VI и почетокот на VII век, на широките балкански и македонски простори се населуваат мноштво словенски племиња.[45] Тоа е потврдено и со бројни археолошки показатели.[46] За просторот што е во нашиот домен на истражувања, односно брегалничкиот регион, ситуацијата е иста. Во последниве години со археолошките ископувања на соседна Баргала беа откриени непобитни факти за словенското присуство во Македонија уште од најраните почетоци на нивното доселување.[47] Дали во ова време објектот настрадал или бил срушен

---

[43] Истата, Наведено дело, 41-43, Т. 9 – 14.

[44] За оваа проблематика види: *Византиски извори за историју народа Југославије,* Том I, Београд, 1955; Љ. Максимовић, *Северни Илирик у VI веку,* Зборник радова византолошког института, Београд, 1980, 17 – 51; И. Микулчиќ, *Варварите во Македонија во доцната антика,* Годишен зборник на Филозофски факултет, Скопје, 1995, 239-254;

[45] Ф. Баришић, *Чуда Димитрија Солунског као историски извор,* Београд, 1953;

[46] Ж. Вьжарова, *Славянски,* 165 – 169; I. Čremošnik, *Istraživanja u Mušićima i Žabljaku i prvi nalazi najstarijih slavenskih naselja kod nas,* Glasnik Zemaljskog Muzeja, Sarajevo, 1970, 45 – 111; J. Belošević, *Materijalna kultura Hrvata od 7 – 9. stoljeća,* Zagreb, 1980, 109 – 115; M. Guštin, G. Tiefengraber, *Oblike zgodnjesrednjeveške lončenine na Novi tabli pri Murski Soboti,* Zgodnji Slovani, Ljubljana, 2002, 46 – 62; Ђ. Јанковић, *Становништво Балкана у VI и VII столећу,* Докторска дисертација одбранета на Филозофски факултет, Београд, 1986, (необјавена), 98 - 109; Б. Ристески, *Раносредновековно грнчарство во Република Македонија,* Научно списание, Битола, 2006, 278 – 290;

[47] З. Белдедовски, *Словенски материјални елементи во брегалничкиот басен,* МАА, 14, Скопје, 1996, 173 – 182; Истиот, *Епископска базилика во Баргала,* МАА, 16, Скопје, 2005, 271 – 272, сл. 10 и 11.

тешко може да се одговори, но факт е дека тој бил обновен. Кога се случило тоа , исто така во оваа фаза на истражувањата, тешко е прецизно да се одговори. Во овој момент мораме да ја прифатиме широката датација на академик Алексова, дека објектот е изграден, односно сега веруваме, обновен, некаде во втората половина од IX век. За ова имаме потврда како во пишаните историски извори така и во бројните археоложки наоди и во самата стратиграфска слика на теренот. Со обновата на овој црковен објект секако била обновена и продолжена старата црковна традиција на македонските простори. Во овој период се заоструваат односите меѓу Византија и Бугарија. Византија, по населувањето на Словените на македонските простори, прави напори нив повторно да ги стави под своја контрола. Тоа го прави како по воjнички пат, односно со сила, така и дипломатски, со постепено христијанизирање на словенското население и наметнување на старите традиционални, високоразвиени културни вредности. Методија, од страна на византискиот имератор Михало III (842 – 867), бил назначен за воен управник на едно словенско кнежевство, најверојатно се работи за струмичко – брегалничкиот регион, а во градот Равен на Брегалница бил испратен неговиот брат Константин Филозоф, кој покрстил поголем број Словени и работел на изучување на словенскиот јазик и на создавање на првата словенска азбука, глаголицата. Набрзо потоа, накаде пред 855 год. бугарскиот кнез Борис ги освојува овие територии, а браќата Константин и Методија ја напуштаат мисијата и одат на Олимп во Мала Азија каде ги завршуваат работите, односно ја преведуваат Библијата и некои црквени книги и се подготвуваат за моравската мисија. Дали уште тогаш бил обновен овој објект, тешко е да се одговори. Археолошките податоци се скудни. Како факт дека во ова време овој простор бил користен го имаме само керамичкиот фрагмент од Т.II.1., кој ги носи особеностите од постарата средновековна керамичка продукција. Факт е и тоа дека моштите на Св. Петнаесет тивериополски маченици биле на двапати пренесувани од Струмица во Равен. Еднаш за време на кнезот Борис и втор пат во 893 година, кога била формирана новата Брегалничка епископија, кога црквата најверојатно била повторно осветена, а за прв словенски епископ бил поставен Климент. На ова место би направиле еден мал екскурс. Ваков аналоген пример на црква со скоро иста или слична планиметрија има во бугарската престолнина Плиска, каде од авионската снимка, надвор од малиот и големиот дворец, под темелите од средновековната црква јасно се гледаат контурите на една постара петапсидална базиликална градба. [48] Бугарските археолози ова не го коментираат. Тие се склони целокупниот комплекс на градби во Плиска да ги датираат во периодот на

[48] *История на България,* Том II, София, 1981, 157;

првото бугарско царство.[49] Единствено колегата Атанас Милчев укажува на постарата фаза од фортификацискиот објект и археолошкиот материјал кој потекнува од периодот на доцната антика.[50] Катедралниот храм во Равен не бил долго во употреба. Тој е најверојатно напуштен и срушен во периодот од распадот на Петрова Бугарија, бидејќи за време на Самоила како епископско седиште на овој простор се споменува Мородвиз, кој се наоѓа во непосредно соседство. За овие настани, односно за временските рамки сведочат како керамичкиот сад од подот на црквата така и некрополата формирана на урнатините од црквениот објект. Дека на овие простори нешто се случувало во периодот на востанието на комитопулите зборува и монетата на византискиот император Јован Цимиски (969 – 976), пронајдена во еден гроб на локалитетот Баргала кој се наоѓа во непосредна близина.[51]

[49] *Плиска – Преслав,* Том 4, София, 1985;

[50] А. Милчев, *Раскопки и проучвания на южната порта в Плиска (1963 – 1970),* Плиска – Преслав, Т. 4, Софија, 1985, 16 – 43;

[51] Б. Алексова, *Баргала: археолошки истражувања 1966 – 1976,* Зборник на Археолошкиот музеј на Македонија, кн. VIII – IX, Скопје, 1978, 82; Истата, *Епископијата,* 69.


Branislav Atanasoski


ABOUT THE PROBLEM OF DATING OF THE TEMPLE IN VILLAGE KRUPISTE- NEAR ŠTIP


Resumé

The first archaeological research and diggings in Kale, village Krupiste and in the wider area around the village are in 1975 and later from 1984 to 1987. According to some of the researchers the ancient town Astibos is located in this area, and according to other researchers the ancient Zappara is located here. We think that the later solution is more acceptable. The east parties were discovered in the cathedral temple. The temple is a grand building, 28.90 meters wide. According to the leader of these diggings, the late PhD Academic B. Aleksova, the cathedral Martyrium dedicated to **Fifteen Tiberiopolis holy martyrs** dates from the middle of IXc., and the beginning of X c., the time of the brothers St. Cyril and Methodius and their follower, the student St.Kliment Ohridski; the period of forming of the first Slavic episcopacy in Macedonia and in the Balkans; Bregalnica Episcopacy; and during the reign of Bulgarian rulers Mihajlo Boris (852-879) and Simeon (893-927). This information is based on certain written historical data and on analyses of archaeological and architectural remnants and certain analogous buildings.


The newest archaeological research and diggings in 1994 gave additional results in chronology and dating of the phases in the building of this object. Once again they were led by Academic B. Aleksova. From the analyses of the cultural stratigraphy, the mobile and immobile archaeological material, their analogies from the closer and further areas connected to the historical contexts one can see that we talk about early Christian and late ancient building, probably built during the Byzantine emperor Justinian I (527-565), after the forming of the new archbishopric Prima Justiniana when Zappara became also an Episcopal seat or some time later. We can not say when this object was built exactly. Was that the time of Constantine – Cyril Philosopher and his brother Methodius before 855 when both of them held the so called Bregalnica mission or some time later during the reign of the Bulgarian duke Boris or later during the time of Car Simeon in 893 when Bregalnica Diocese was formed and the object was transformed in cathedral temple martyrium where Kliment Ohridski was the first bishop. The church object was not used for a long time. It was probably left or destroyed after the end of the reigning Bulgaria. Morodviz appeared as a new Episcopal seat during the reign of Samuil (976-1014). Marodviz is near our local i.e. near our medieval town Raven, village Krupiste. Then, from the end of Xc or the beginning of XIc, a necropolis is formed over the ruins of this object. Here mortals were buried until the end of the XIIc.


ПА. I



II. 1
I
II
III
IV
V
3.30
3.30




Сл.2




Сл.3



Ц.4
Гр.17
Гр.11
кв 28
кв 29
Гр.5
Гр.9
Гр.7
Гр.4
Гр.6


ц.5
Гр.21
Гр.17
Гр.20
кв.28
кв29
Гр.15
Гр19
Гр. 16
Гр.16а
Гр.18


Т.I



Т.II-



Т.III



Т. IV

